**Одлука бр.30**

Управниот одбор на Тениска Федерација на Северна Македонија по пат на електронско гласање на ден 20.12.2021 година, донесе

:

**О Д Л У К А**

**За определување и начин на распределба на развоен фонд за тениските клубови и за учество на турнири од Календарот а натпреварување на ТФСМ за 2022 година**

**Член 1**

Управниот одбор на ТФСМ- Скопје определува развоен фонд за мотивација на тениските клубови за учество на официјални турнири од Календарот за натпреварување на ТФСМ за 2022 година во висина од 1.236.000,00 денари

**Член 2**

Развојниот фонд за мотивација на тениските клубови за учество на официјални турнири од Календарот за натпреварување на ТФСМ за 2022 година, ке се распределува на тениските клубови на следниот начин:

1. Клубовите кои во 2022 година ке бидат корисници на ваучери, како и најдобрите 5 тениски клубови, по завршување на секој турнир од Календарот за натпреварување на ТФСМ за 2022 година, ќе добијат донација од ТФСМ на следните износи:

- 1 учесник котизација за учество на турнир во висина од 750,00 денари
- 2 до 3 учесници котизација за учество на турнир во висина од 1.250,00 денари
- 4-6 учесници котизација за учество на турнир во висина од 2.250,00 денари
- над 6 учесници котизација за учество на турнир во висина од 3.250,00 денари

2. Клубовите кои во 2022 година не се корисници на ваучери, и не се на листа на најдобрите 5 тениски клубови, по завршување на секој турнир од Календарот за натпреварување на ТФСМ за 2022 година, ќе добијат донација од ТФСМ на следните износи:

- 1 учесник котизација за учество на турнир во висина од 1.500,00 ден
- 2 до 3 учесници котизација за учество на турнир во висина од 2.500,00 ден
- 4-6 учесници котизација за учество на турнир во висина од 4.500,00 ден
- над 6 учесници котизација за учество на турнир во висина од 6.500,00 ден

**Член 3**

Клубовите кои се домакини, не добиваат средства.

**Член 4**

Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување, а се однесува за 2022 година .

Тениска Федерација на Северна Македонија
Претседател на Управниот Одбор
Александар Ивановски

Скопје, 20.12.2021 година